РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
ул. Јуриј Гагарин бр. 15, 1000 Скопје
тел. (02) 3094 200, факс: (02) 3082 937, е-пошта: kontakt@aa.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-031/2018

Наш број: 08-287/1 14-01-2020

Ваш број: Скопје

До

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА
СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД
ЈАВЕН КАРАКТЕР
УЛ. „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" БР 18
„ЗГРАДА МТВ 14 КАТ"
СКОПЈЕ

Предмет: Годишен извештај за 2019 година

Врз основа на член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/2006, 86/2008, 6/2010,42/2014, 148/2015, 55/2016, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019, Агенцијата за администрација, Ви го доставува годишниот извештај за 2019 година.

Со почит,

**Директор,**
СПАСЕ ГЛИГОРОВ

Изработил: Горан Цветковски
Согласен: Миланчо Успрцов

Лице овластено за посредување при остварување право за слободен пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација е државниот службеник: Горан Цветковски, дипл. правник, раководител на Сектор за правни работи.

Број на поднесени барања: **12 (дванаесет)**;

1. До Агенцијата за администрација „Истражувачка репортерска лабараторија", од Скопје упати писмено барање бр.08-565/1 од 20.02.2019 година, со кое ја побара следната информација од Јавен карактер:

**„Сите одлуки за вработување на административни службеници од 01.06.2017 до 20.02.2019 година".**

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди дека информацијата која се бара не преставува класифицирана информација со одреден степен на доверливост, со оглед на тоа Агенцијата позитивно одговори на барањето и истото го достави на барателот на информацијата по пошта наведено во барањето на барателот на информацијата во законскиот рок.

2. До Агенцијата за администрација „Новинска Агенција Макфакс" упати писмено барање бр.08-730/1 од 02.04.2019 година, повикувајќи се на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со кое побара Агенцијата да ги достави:

**-Вкупен износ од аналитички картици за исплатени средства за ангажирање адвокатски и правни услуги (поединечно по години) за временскиот период од 01.01.2014 до 31.12.2018 година;**
**-Листа на ангажирани адвокати за споменатиот период, називот на услугата, временскиот период на кој се однесува ангажманот и исплатени средства за секој адвокат поединечно;**
**-Податоци за тоа за кои од од ангажираните адвокати, услугата е нарачана преку Бирото за јавни набавки, а за кои со директно преговарање..**

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди дека информацијата која се бара не преставува класифицирана информација со одреден степен на доверливост, со оглед на тоа Агенцијата позитивно одговори на барањето и го достави на барателот на информацијата по негово барање преку редовна пошта во законскиот рок.

3. До Агенцијата за администрација, „Фондација отворено општество - Македонија„ упати писмено барање бр.08-786/1 од 15.04.2019 година со кое ја побара следната информација од Јавен карактер:

**-Доставете ни го последниот извештај за состојбите, планот за подобрување на состојбите, одлуката за избор на мерки кои ќе ја подобрат состојбата во институцијата донесена од функционерот кој раководи со органот, изработени како дел од заедничката рамка за процена.**

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди дека Агенцијата располага со бараната информација и позитивно одговори на барањето и истото го достави на барателот на информацијата по редовна пошта во законскиот рок.

4. До Агенцијата за администрација, адвокат Сузана Батковска од Охрид упати писмено барање бр.08-781/1, од 15.04.2019 година со кое ја побара следната информација од Јавен карактер:

**-Записник за извршена административна селекција на административен службеник бр.10-221/1 од 11.01.2019 година по оглас бр.332/2018 на Агенција за вработување на Р.С.Македонија;**

**-Записник за спроведена проверка на веродостојноста на докази и интервју на административен службеник бр.10-221/5 од 24.01.2018 година на Агенцијата за вработување на Р.С.Македонија;**

**-Комплетна документација-пријава приложена по оглас бр.332/2018 на АВРСМ за кандидат со идентификационен код E3FD9EB за работно место раководител на одделение во ЦВ Крушево со кои сте располагале при одлучување по изјавена жалба од Наташа Ѓорѓиоска Анчов и сте донеле Одлука бр.09-67/11 од 07.02.2019 година;**

**-Записник од седница од 07.02.2019 година, кога сте ја донеле Одлуката бр.09-67/11;**

**-Договор за вработување на неопределено време бр 03-а/1 од 18.10.2006 во ДООЕЛ НУ-ДИ Крушево;**

**-Доказ врз основа на кој е утврден работен стаж на работно место раководител на одделение за финансии сметано од 19.06.2016 година;**

**-Податоци –генералии за членовите на селекционата комисија по Оглас 332/18 на АВРСМ;**

**-Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција со предлог кандидати за вработување.**

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди дека информацијата која се бара не преставува класифицирана информација со одреден степен на доверливост, со оглед на тоа Агенцијата позитивно одговори на барањето и ја достави бараната информација, заедно со бараните прилози преку редовна пошта во законскиот рок.

5. До Агенцијата за администрација Даниела Стојкова, упати писмено барање бр.08-1259/11 од 17.07.2019 година со кое ја побара следната информација од Јавен карактер:

**-Ве молам за информација дали согласно член 77 став 1 од Законот за административните службеници странка која е оштетена од управен акт издаден од Општината (незаконски) може да бара со конкретни докази од Агенцијата за администрација да даде иницијатива за дисциплинска постапка иако референтот не е потпишан на актот, бидејќи е потпишан со факсимил само градоначалник?**

**-Дали согласно Поимникот во член 5 од Законот за административни службеници и значењето кое го имаат одделни изрази, може градоначалник да даде овластување на државен службеник (градежен инжинер) да изработува решенија за легализација, за огласување ништовни и други типови на управни акти кои би требало дда ги изработува дипломиран правник.**

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди дека информацијата која се бара не преставува класифицирана информација со одреден степен на доверливост а со оглед на тоа дека не е во надлежност на Агенцијата, бараната информација Агенцијата, ја препрати до надлежносто Министерство за информатичко општество и администрација..

6.. До Агенцијата за администрација е доставено барање од страна на адвокатот Иван Левков од Кочани, бр.08-1306/1 од 30.07.2019 година, со кое ја побара следната информација од Јавен карактер:

**-Дали од Општина Делчево е доставено Решение за ништовност на Одлука за избор на кандидат број 04-754/19 од 05.09.2017 година по јавен оглас бр. 08/2017 и дали е објавено на веб страната на Агенцијата.**

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди дека информацијата која се бара не преставува класифицирана информација со одреден степен на доверливост, со оглед на тоа Агенцијата позитивно одговори на барањето и истото го достави на барателот на информацијата по пошта наведено во барањето на барателот на информацијата во законскиот рок.

7. До Агенцијата за администрација Елена Димовска, упати писмено барање бр.08-1705/1 од 04.10.2019 година со кое ја побара следната информација од Јавен карактер:

**-Вкупен број на постапки за селекција на кандидати кои се спроведени за вработување на припадници на заедниците во органите на државната управа и тоа во периодот од 01.06.2019 година до 04.10.2019 година, а за кои во комисиите за селекција имало членови административни службеници од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.**

**-Наведете ги броевите на сите јавни огласи објавени во периодот од 01.06.2019 година до 04.10.2019 година за кои се спроведени постапки за селекција на кандидати со**

**припадност од заедниците за вработување во органите на државната управасо називи на органите.**

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди дека информацијата која се бара не преставува класифицирана информација со одреден степен на доверливост, со оглед на тоа Агенцијата позитивно одговори на барањето и истото го достави на барателот на информацијата по е- пошта наведено во барањето на барателот на информацијата во законскиот рок

8. До Агенцијата за администрација Институтот за истражување и анализа на политики- РОМАЛИТИКО, упати писмено барање бр.08-1721/1 од 01.10.2019 година, со кое ја побара следната информација од Јавен карактер.

**-Број на апликанти според етничка припадност и образование во институциите од централна и локална власт за 206,2017 и 2018 година;**

**-Број на уредни и неуредни апликации според етничката припадност во централна и локална власт за 2016,2017 и 2018 година;**

**-Број на кандидати кои го положиле испитот според етничка припадност во централна и локална власт за 2016,2017 и 2018 година;**

**-Број на селектирани кандидати според етничка припадност во институции од централна и локална власт за 2016,2017 и 2018 година;**

**-Колку од пријавените кандидати Роми според етничката припадност ја поминале административната селекција за 2016,2017 и 2018 година.**

9. До Агенцијата за администрација е доставено барање од страна на Елена Димовска од Скопје, бр.08-1835/1 од 22.10.2019 година, со кое ја побара следната информација од Јавен карактер:

**-Достава на Конечна ранг листа од сите фази на селекција на кандидати за административен службеник за Оглас бр.143/2019 за Агенција за супервизија на осигурувањето.**

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди дека информацијата која се бара не преставува класифицирана информација со одреден степен на доверливост, со оглед на тоа Агенцијата позитивно одговори на барањето и истото го достави на барателот на информацијата по пошта наведено во барањето на барателот на информацијата во законскиот рок.

10. До Агенцијата за администрација е доставено барање од страна на Транспаренси Интернешенел-Македонија, бр.08-1306/1 од 30.07.2019 година, со кое ја побара следната информација од Јавен карактер:

**-Ве молиме да ни го доставите Правилникот за плати на Агенцијата за администрација.**

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди

дека информацијата која се бара не преставува класифицирана информација со одреден степен на доверливост, со оглед на тоа Агенцијата позитивно одговори на барањето и истото го достави на барателот на информацијата по пошта наведено во барањето на барателот на информацијата во законскиот рок.

11.. До Агенцијата за администрација е доставено барање од страна на пратеникот на Собранието на Република Северна Македонија Дафина Стојаноска, бр.08-1895/1 од 07.11.2019 година, со кое ја побара следната информација од Јавен карактер:

**-Колку огласи имате објавено во 2018 и 2019 година и за кои институции?**
**-Да ни ги доставите сите позитивни согласности за годишните планови за вработување за 2018 и 2019 година за сите институции, согласно член 20-б став 12 од Законот за вработените во јавниот сектор, доставен од Министерството за информатичко општество и администрација;**
**-Колку и кои институции побарале објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници во 2018 и 2019 година, на кои што годишниот план за вработување за 2018 и 2019та година им е поднесен и имаат добиено согласнот после законскиот рок за изготвување, доставување и добивање согласност од надлежните институции?**

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди дека информацијата која се бара не преставува класифицирана информација со одреден степен на доверливост, со оглед на тоа Агенцијата позитивно одговори на барањето и истото го достави на барателот на информацијата по пошта наведено во барањето на барателот на информацијата во законскиот рок.

12. До Агенцијата за администрација е доставено барање од страна на Транспаренси Интернешенел-Македонија , бр.08-2123/1 од 18.11.2019 година, со кое ја побара следната информација од Јавен карактер:

**-На кој начин се остварува постапката за третата фаза од постапката за селекција на кандидати односно спроведување на интервју (дали имате стандардизирани критериуми за формулирање на прашања и бодови за одговор на прашањата)?**
**-Ве молиме да ни доставите примероци од стандардизирани прашања и критериуми за оценка.**

Лицето овластено за посредување при остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за администрација, го разгледа истото и утврди дека информацијата која се бара не преставува класифицирана информација со одреден степен на доверливост, со оглед на тоа Агенцијата позитивно одговори на барањето и истото го достави на барателот на информацијата по е- пошта наведено во барањето на барателот на информацијата во законскиот рок.

Број на одговорени барања: **Сите 12 (дванаесет) поднесени барања се одговорени;**

Број на одбиени барања: **нема**.

Број на вложени приговори и одлуки: **нема.**

Број на поведени управни спорови против конечната одлука или во случај на молк на имателот на информацијата: **нема.**

Број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управен спор е позитивно решена, како и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд: **нема.**

Скопје 14.01.2020 година.

Лице овластено за посредување при остварување право за слободен пристап до информации од јавен карактер
Раководител на сектор,
Дипл. прав. Горан Цветковски